**З А П И С Н И К**
**од 50-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 09.07.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12.00 часот.
Во работата на советот учествуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Јасмина Јовановска, Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски, Валентин Нестороски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска, Сашо Михајловски и Сандра Пејковска присутни во салата и советничката Даниела Давидевска во работата на советот учествуваше со употреба на комуникациски средства преку телефон согласно Одлуката за работа на Совет на општина Демир Хисар со употреба на комуникациски средства.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска Марина Поповска и Јасмина Василевска Перчаковска. На седницата присутен беше директорот на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.
-Усвојување на записник од 49 та седница на Совет на Општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница. Записникот беше усвоен со 11 „за“, против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Измени и дополнување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2025 година.
2. Донесување Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година бр.17-1186/26 од 26.12.2024 година.
3. Донесување Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Демир Хисар.
4. Донесување Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2026 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.
5. Донесување Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила.
6. Донесување Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционален Центар во с.Слоештица.
7. Донесување Решение за именување на член во училишен одбор во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево.
8. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Измени и дополнување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2025 година***

Измените и дополнување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2025 година беше разгледано од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За измените во Буџетот објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Советникот Јордан Кромидаровски упати забелешка зошто се намалува во програма Јд изградба на улици и патишта за 500.000, има потреба од овие средства има улици за изградба, потоа додаде се зголемува во програма Совет кај трансфери за 500.000. исто така се зголемува во програна Е0 за печатарски услуги 200.000, се зголемува и за крпење на дупки 500.000, но да се закрпат дупките и 200.000 за урбанистичко планирањље тоа е за храмот. Претставничката Марина Поповска објасни се зголемува кај трансфери бидејќи има неисплатени барања, тука се повеќе потребни овие 500.000 треба да се плати за градинката за пелагонискиот, додека во програма Јд потребни се овие средства, но посно сега повеќе ни требаат во трансфери. Исто така има потреба повече средства за печатарски услуги се печатат флаери, рекламни материјали за повеќе активности. Советникот Валентин Несториски праша дали додсега има потрошено средства за крпење на дупки, забележа зошто не се санирани дупките кога имало средства, исто така побара објаснување за средствата за судски трошоци се зголемува за 300.000 за нападнати од бездомни кучиња. Претставничката Марина Поповска објасни почнато е со крпење на дупки но потребно се повеќе средства, од ставката по судски платено е на правно лице за домот во Слоештица, не му се плати навреме имаше тужба. Советничката Марина Димитријовска праша предходно имаше две лица кои имаа тужба за нападнати од бездомни кучиња ова се нови тужби. Потоа побара објаснување за намалување на програмата Јд. Претставничката Марина Поповска обасни ова е со 23.06.2025 во наредниот квартал ќе има повеќе објаснување. Во програмата Јд има намалување, но основната програма, додека во посебните програми нема намалување, и овие средства се потребни за плаќање на ЗИМАК, но има уште градежни активности, затоа во моментот ќе се префрлат на друга програма овие средства каде се повеќе потребни, колку ќе има толку ќе се плаќа. Советничката Марина Димитријовска забележа програмата за спорт се зголемува за 100.000. Претставничката Марина Поповска објасни овие средства се фудбалскиот клуб, досега се исплаќаше од други програми, сега се крати од други програми се префрлаат средствата на програма спорт ќе му се исплати дирекно на клубот. Советникот Аце јанкуловски објасни се зголеми котизацијата. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.За измените и дополнување на Буџетот гласаа 7 „за“ и 4 „воздржани“.

***ТОЧКА 2. Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година бр.17-1186/26 од 26.12.2024 година***

Одлуката за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година бр.17-1186/26 од 26.12.2024 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. во врска со одлуката објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2026 година на Општина Демир Хисар***

За Годишниот план за вработување за 2026 година на Општина Демир Хисар објаснување имаше претставничката од општината Јасмина Василеска Перчаковска. Диксусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.Со 11 „за“ беше дадена согласност за планот.

***ТОЧКА 4. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар***

За Годишниот план за вработување за 2026 година на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Планирани за вработување се две испразнети места исто како и предходната година. Советничката Марина Димитријовска праша дали се бара согласност од министерството. Директорот Славче Велјановски објасни поднесено е барање. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.За давање согласнот на планот гласаа 7 „за" и 4 „воздржани".

***ТОЧКА 5. Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила***

За Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила објаснување имаше претставничката Александра Трајковска. Советничката Марина Димитријовска праша дали општина Могила го ангажира. Претставничката Александра Трајковска немаше информација околу ангажамонот на вработениот предмет на оваа меѓуопштинска соработка. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционален Центар во с.Слоештица***

Во врска со Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционален Центар во с.Слоештица претседателот на комисијата за опшествени дејности Аце Јанкуловски ги запозна советниците согласно повикот понудите требаше да ги разгледува комисијата за опшшествени дејности и да даде предлог на Советот која понуда е избрана. Во утврдениот рок од огласот до комисијата стигнати се три понуди од невладини организации „Моето родно место Скопје" претставувано од Михајло Огненовски, „ здружение „Гоу Грин Скопје" Скопје претставувано од Блаже Јосифовски и Планинасрко друштво „Бигла-Илиница" Демир Хисар претставувано од Антонио Павловски. Во текот на предходниот ден до комисијата и советот стигнат е Апел од „Арт Поинт-Гумно" претставувано од Ирена и Сергеј Андреевски кои меѓу другото апелираат пред да биде донесена одлуката за давање на користење на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица да се одвои Меморијалната поставка во чест на Петре М. Андреевски од другиот дел кој е предмет на овај повик, и за истата да се испланира соодветно менаџирање во консултација со нив односно со семеството на Петре М. Андреевски. Потоа во Апелот се додава дека за ова се информирани МАНУ, Институтот за македобски јазик, Катедрата на Македонски јазик при УКИМ, Министерството за култура и туризам и кабинетот на Претседателот на РСМ. На комисијата се дискутираше околу повикот, понудите, исто се имаше во предвид и Апелот, комисијата не донесе предлог одлука за избор на една понуда за давање на користење Мултифункционалниот центар, бидејќи согласно Апелот се бара да се одвои делот Меморијалната поставка, а истата беше дел од повикот. Комисијата беше на дилема дали е тоа соодветно на критериумите, исто така за тоа се известени повеќе институции каква ќе биде нивната реакција. Претставничката Александра Трајковска објасни во повикот беше регулирано понудите да се достават до Комисијата за опшествени дејности, комисијата да ги разгледа и да избере една понуда која ќе ја предложи на советот, од тие причини советниците ги немаат на увид понудите. Потоа пред советниците го презентираше повикот условите од огласот и понудите кои стигнаа по огласот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна како член на комисијата за опшествени дејности ги имаше на увид понудите, ги разгледа и смета дека понудата на невладината „Моето родно место Скопје" претставувана од Михаил Огненовски е најдобра понуда. Советникот Валентин Несторoски упати забелешка според кој критериуми се одлучува да се додели на тој понудувач, како советници немаме увид во понудите, нема критериуми во огласот, како ќе одлучиме, што ако некој се жали поднесе тужба, нека си донеси општината правилик со критериуми согласно тоа ќе одлучуваме. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски реагираше според кој критериуми доделуваме средства

за изградба на крстот, советот носи одлуки ги гласаме. Советникот Валентин Несторовски реплицираше што беше спорно да се доделат средвата за изградба на крстот, а потоа се изјасни дека нема да учествува во расправата и се иззема од гласање по оваа одлука. Дискусија повеќе немаше. Се пристапи кон гласање поединечно за понутите. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.За понудата од Здружението „Моето родно место Скопје“ гласаа 7 „за“ 3 „воздржани“, за Здружение „Бигла- Илиница“ Демир Хисар гласаа 2 „за“ 8 „воздржани“ , за здружение „Гоу-Грин“ Скопје гласаа 1 „за“ 2 „против“ 7 „воздржани“. Согласно гласањето Мултифункционалниот центар с.Слоештица се дава на здружението „Моето родно место Скопје“.

***ТОЧКА 7. Решение за именување на член во училишен одбор во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево***

Во врска со именување на член во училишен одбор во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево објаснување имаше претставничката Александра Трајковска имаше известување од страна на училиштето дека е поминат мандатот на членот на училишниот одбор Менде Генески, треба да се именува нов член. Советникот Аце Јанкуловски предложи за член во училишен одбор да биди Благојче Кочанковски од с.Смилево. Други предлози немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.Со 8 „за“ и 3 “воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 8. Предлози и прашања***

Барање од с.Стругово

Бараат тампонирање на две улици во селотоСоветниците едногласно предложија да се излезе во пресрет на барањето

Советничката Сандра Пејковска истакна на повеќе наврати беше разговарано се донесе и заклучок за санирање на резервоарот во Доленци и Базерник, исто предходно се разговарало со директорот на ЈКП „Комуналец“ да биди присутен на седницата да даде објаснување до каде е постапката. Претставничката Александра Трајковска објасни се слушна по телефон со директорот на оваа седница нема да можи да присуствува. Советниччката Сандра Пејковска додаде има многу реакции последно има известување водата за пиење не е исправна, шест месеци чекаме предмер пресметка да ни каже дали е подобро да се постави пластичен резервоар или да се санира постоечкиот. Не е во ред, ова нема смисла, по десетти пат го задолжуваме за наредна седница да биде присутен. Советникот Сашо Михајловски во насока на дискусијата додаде која и да ја одбере опцијата дали со пластичен резервоар или со санација не е важно важно е да се постапи, додека советничката Марина Димитријовска дополни ако имаше потреба денеска се носеше ребалансот ќе се предвидеше средства.

Советничката Сандра Пејковска исто така потсети на една од предходните седници се разговараше за проблемот со канализацијата во Зградата 1, денес на комисијата повторно имаше реакции ништо не е направено, за решавање на нивниот проблем. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се задолжи ЈКП „комуналец“ итно да се постапи по двете барања. Со 11 „за“ беше прифатено.

Советничката Марина Димитријовска побара информација во врска со новите правила за превоз на ученици од средните училишта кои учат надвор од местото на живеење и нивното сместување во ученички дом наместо бесплатен превоз, дали општината има добиено некакво известување. Да се види прво какви се условите во домовите. Претставничката Александра Трајковска објасни до општината нема стигнато допис од министерството но тоа одлука која важи за секаде. Целта е веројатно да се намалат трошоците, бидејќи домовите не се целосно пополнети, а се плаќа превоз.

Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 840/2 Совет на Општина Демир Хисар

07.08 .2025 година Претседател,

Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.